# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

- Наставникот е должен да биде во училница 15 мин. пред почетокот на часот;
- Наставникот е должен да го сочека својот колега доколку тој има час во неговата училница;
- Наставникот треба да се грижи за целиот училишен простор и имот, посебно за училницата во која реализира настава;
- Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;
- Наставникот треба да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;
- Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училиница;
- Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и други вработени;
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари,

курсеви и користење на современа технологија;
- Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- Наставникот треба редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
- Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
Наставникот треба да настојува ученикот навреме и алитетно да ги извршува своите задачи;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оцени;
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;
-Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтертира психички;
- Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- Наставниот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;
- Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет;
- Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- Наставникот не смее да е на работното место под дејство на алкохол и дрога.